..кционерско друштво за стопанисување со
деловен простор во државна сопственост
бр. 05-804/23
08-05 2017 год.
СКОПЈЕ

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

ул. Стале Попов бр. 9 мезанин локал 5, Скопје, пошт. фах 38, телефон: 3226-072

Врз основа на член 142 став 6 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија" бр.(136/07,130/08,97/10,53/11,185/11,15/13,148/13, 28/14,43/14, 130/14, 180/14, 78/15, 192/15 и 120/16) , член 25 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје (пречистен текст), Записник од отворање на понуди бр.05-804/9 од 05.04.2017 г. , Извештај од спроведена постапка пред спроведување е-аукција бр. 05-804/10 од 05.04.2017 г., Извештај за текот на е-аукцијата бр. 05-804/11 од 07.04.2017 г., Извештај од спроведена постапка по реализирана е-аукција бр.05-804/20 од 02.05.2017 г. од Комисијата за јавни набавки по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.**02/2017** , Директорот на Друштвото донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на најповолна понуда за**
**Осигурување на имот и опрема, каско осигурување на моторни возила, автоодговорност, осигурување на работници од несреќен случај (незгода)**

На основ на Записник од отварање на понуди бр. 05-804/9 од 05.04.2017 г. , Извештај од спроведена постапка пред спроведување е-аукција бр. 05-804/10 од 05.04.2017 г., Извештај за текот на е-аукцијата бр. 05-804/11 од 07.04.2017 г., Извештај од спроведена постапка по реализирана е-аукција бр.05-804/20 од 02.05.2017 г. од Комисијата за набавки на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, по Одлука за јавна набавка бр.05-804/4 од 17.03.2017г. со примена на постапка со Барање за прибирање на понуди со објавување на оглас во ЕСЈН со е-аукција, Договорот за Дел 1 Осигурување на имот и опрема, каско осигурување на моторни возила, автоодговорност, осигурување на работници од несреќен случај (незгода) се доделува на:

За ДЕЛ 1:
**„ ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ "АД**
**Ул. ,,Скупи,, бр.12 - Скопје**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 3 (три) прифатливи понуди.

**О б р а з л о ж е н и е**

На спроведената електронска аукција најниска вкупна цена постави економскиот оператор ,,ЕУРОЛИНК ОСИГУРУВАЊЕ,,АД , ул.Никола Кљусев бр.2 –Скопје

Меѓутоа, вкупната цена во првичната понуда на ,,ЕУРОЛИНК ОСИГУРУВАЊЕ,,АД од Скопје беше = 925.756,00 денари, а на електронската аукција беше понудена крајна вкупна цена од =581.916,00 денари, што е намалување од 37,14 %.

Бидејќи по спроведената е-аукција сите поединечни цени мора да се намалат за истиот процент за кој што е намалена вкупната цена по е-аукцијата, Комисијата за јавни набавки се обрати до Националното биро за осигурување со Барање на мислење во врска со понудената цена на ,,ЕУРОЛИНК ОСИГУРУВАЊЕ,,АД од Скопје и добиен е одговор од Националното биро за осигурување како надлежно тело за пресметка и

давање на Меродавен технички резултат за секој осигуреник од Авто-одговорност, во кој е наведено дека понудената цена по електронската аукција не е согласно Тарифата и дадениот МТР кој за 2017 година изнесува 21% малус ( доплаток на основната премија) за сите возила од нашиот возен парк.

Согласно погоренаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од донесувањето на одлуката писмено да ги извести понудувачите за Одлуката за доделување на договор за јавна набавка и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во известувањето да ги извести:

- Понудувачот чија понуда е избрана за најповолна.
- Понудувачите кој поднеле прифатливи понуди кои не биле избрани за најповолни, за името на избраниот понудувач или понудувачи и причините за изборот.

Се задолжува Секторот за правни и општи работи по конечноста на оваа Одлука, да изготви Договор за доделување на јавна набавка со носителот на најповолната понуда, во се спрема одлуката за јавна набавка, понудата, записникот, извештајот, моделот на договор и условите од тендерската документација

Се задолжува Секторот за стопанисување со деловен простор за реализација на предметниот договор за јавна набавка.

**Правна заштита**

Жалбата се изјавува во рок од три дена од денот на приемот на одлуката до Државната комисија за жалби по јавни набавки.

**Генерален Директор**
**Шеваљ Цеку , дипл.социолог**

**доставено до**:

- Сектор за економско финансиски работи и информатика
- Сектор за стопанисување со деловен простор
- Сектор за правни и општи работи
- Комисија за јавни набавки-Кире Бузлиев
- Архива